Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 7 јуни 1990 година.

Бр. 08-2022/1
7 јуни 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ
д-р **Владимир Митков,** с.р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Член 1

Во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен весник на СРМ“ број 15/76 и 51/88), во член 28 став 1 зборовите: „120.000 до 1.500.000“ се заменуваат со зборовите: „2.500 до 25.000“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „20.000 до 80.000“ се заменуваат со зборовите: „500 до 2.500“.

Член 2

Во член 29 зборовите: „30.000 до 150.000“ се заменуваат со зборовите: „500 до 2.500“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.